Кратко резиме на наоди од фокус групи

Демократија и владеење на право

Моменталната политичка криза се издвојува како најголем проблем во моментов, како на лично, така и на ниво на држава.

- Висок степен на партизација.
- Недоверба во институции и нефункционалност на институциите (не одговараат на потребите на граѓаните.
- Корупцијата се издвојува како мошне сериозен проблем, како и нееднаквост пред законите и пристап до правда.
- Ограничено учество на граѓаните во процесите на одлучување (разлики по градови).

Социо-економски прашања

Невработеноста и сиромаштијата се истакнуваат како најголеми проблеми од социо-економски карактер.

- Младите, жените, Ромите се набројуваат меѓу најранливите групи погодени од невработеноста.
- Системот на социјална заштита не им пружа помош на оние на кои им е најпотребна.
- Образованието е во мошне проблематична состојба, особено по последните законски измени.
- Миграцијата е особено се издвојува во Дебар како проблем што најмногу ги засега граѓаните.
- Најголемиот број од учесниците на фокус групите размислуваат за заминување од земјата.

Меѓуетнички односи

Ниту еден од 24-те учесници од трите фокус групите не смета дека меѓуетничките односи се еден од најголемите предизвици со кои што се соочува државата.

- Политичките партии, (особено владејачките партии) се сметаат за генератори на меѓуетнички конфликти и поттикнување национализам со цел зголемување на гласачко тело.
- Не постојат меѓуетнички проблеми на индивидуално ниво.
- Децата треба да ги изучуваат јазиците на заедниците.

British Embassy Skopje

Дијалози за визија

ЕПИ




| Најголем предизвик со кој се соочува Македонија во моментов | | | |
|---|---|---|---|
| | Невработеност/ Сиромаштија | Генерална политичка ситуација | Меѓуетнички односи |
| Кочани | 3 | 5 | |
| Скопје | 3 | 5 | |
| Дебар | 3 | 5 | |
| Вкупно | 9 | 15 | 0 |